Бр. 07-1144/3-5
14.09.2010
Битола

Република Македонија
Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола
Факултет за туризам и угостителство-Охрид

| Примено | 20.09.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 478/1 | | |

Врз основа на член 52 алинеа 16 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 84-та седница одржана на ден 14.09.2010 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. Се усвојува Рефератот на рецензионата комисија, објавен во Билтенот Бр. 338 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, за избор на наставник од научните области: Историја на уметноста-друго (60620) и Туризмот и културното наследство (51413) на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид и на наставните дисциплини: Културно наследство, Заштита на културното наследство, Осигурување на културното наследство и Храна и култура, во звањето ***редовен професор*** се избира ***д-р Сашо Коруновски.***
2. Со овој избор во редовен професор *д-р Сашо Коруновски* заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.
3. Правата и обврските од работниот однос *проф. д-р Сашо Коруновски* ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти на Универзитетот и Факултетот, за што соодветен договор ќе склучи со Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 27.09.2010 година.

## Образложение

Факултетот за туризам и угостителство - Охрид распиша Конкурс за избор на наставник од научните области: Историја на уметноста-друго (60620) и Туризмот и културното наследство (51413), кој го објави во дневниот весник „Дневник“ на ден 13.05.2010 година.

На Конкурсот се пријави само кандидатот вонреден професор д-р Сашо Коруновски.

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, на својата седница одржана на ден 25.05.2010 година, со Одлука бр.1-273/3 формира Рецензиона комисија за избор на наставник од научните области: Историја на уметноста-друго (60620) и Туризмот и културното наследство (51413), во состав: проф. д-р Елизабета Димитрова, проф.д-р Наум Целакоски и проф.д-р Елица Манева.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник од научните области: Историја на уметноста-друго (60620) и Туризмот и културното наследство (51413), кој беше објавен во Билтенот Бр. 338 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола да го избере проф. д-р Сашо Коруновски за наставник во звањето редовен професор на наставните дисциплини: Културно наследство, Заштита на културното наследство, Осигурување на културното наследство и Храна и култура, од научните области: Историја на уметноста-друго (60620) и Туризмот и културното наследство (51413).

Врз основа на членот 52 алинеа 16, а во согласност со членот 125 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, на 84-та седница одржана на ден 14.09.2010 година, го усвои Рефератот на Рецензионата комисија и го избра проф. д-р Сашо Коруновски во звањето редовен професор на наставните дисциплини: Културно наследство, Заштита на културното наследство, Осигурување на културното наследство и Храна и култура, од научните области: Историја на уметноста-друго (60620) и Туризмот и културното наследство (51413) на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, а одлучи и по другите точки содржани во изреката на Одлуката.

Во согласност со членот 134 од Законот за високото образование, проф. д-р Сашо Коруновски со овој избор во редовен професор заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 27.09.2010 година, бидејќи д-р Сашо Коруновски бил избран во звањето вонреден професор на 26.09.2005 година, за време од пет години, па само по истекот на петте години може да се примени одлуката за избор во повисоко наставно-научно звање.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,
Ректор

Доставено до:
- Архивата на Универзитетот
- Секретарот на Факултетот
- Професорот